РЕВИЈА ЗА ЛИТЕРАТУРА, КУЛТУРА И УМЕТНОСТ ГОДИНА XXIII, БР. 137 (4/2020) ЦЕНА 50 ДЕН.

# СТОЖЕР

ДРУШТВО НА ПИСАТЕЛИТЕ НА МАКЕДОНИЈА 1947

ISSN 1409-6005



## СТАВ
Ангелина Бановиќ-Марковска

## НАГРАДА „ДАНИЦА РУЧИГАЈ“
## НАГРАДА „КАРАМАНОВ“
## НАГРАДА „ГРИГОР ПРЛИЧЕВ“

## ВИЗИЈА ЗА ДПМ
Жарко Кујунџиски

## АМАРКОРД
Адем Абдулаху

## РАЗГОВОР СО
Атанас Вангелов

> ***„Никогаш досега не сме имале појава, во исто време и на исто место, на толку многу надарени писатели со толку солидни и детални увиди во функционалните писма како на класичната, така и на модерната литература.“***

Атанас Вангелов



Филип Велковски - Pink Vomit, Линорез, 15 x 10 см, 2019

"Just for the record, being smeared with shit and naked in the wilderness, spattered with pink vomit, this does not necessarily make you a real artist."

Chuck Palahniuk, *Diary*

„И ова би забележал: ако се соблечеш некаде в шума, се испрпелаш во лајна и се потуриш со розова повраќаница – тоа не мора да значи дека си вистински уметник."

Чак Паланик, *Дневник*



ЈУБИЛЕЈ

# МАРКО ЦЕПЕНКОВ – МЕЃНИК МЕЃУ ДВА СТОЖЕРНИ МАКЕДОНСКИ ВЕКА

## (ПО ПОВОД СТОГОДИШНИНАТА ОД СМРТТА НА МАРКО ЦЕПЕНКОВ, 1829 – 1920)

Ана Витанова-Рингачева

*Најпосле, да ви кажам нешто, умирачката ќе ми отми перото од рака! Ете вака. И друго немам што да ви речам!*
*М. Цепенков*

Колку гордост, самосвест и самопрегор има собрано во Цепенковата мисла! Цела една филозофија собрана во една мисла, дека единствено смртта може да му го земе перото, неговата единствена и најголема потпора во животот. Во 1920 година, далеку од скутот на родината, во Софија, по девет децении од првиот плач, заминува Марко Цепенков. Историјата вели, заминал во беда, осамен и уморен од животот, полуслеп и сакат, така како што не заслужил, вслушан во сопствената *глува смрт* (Тодоровски 1985: 131). Којзнае, можеби се поднасмевнувал гледајќи угоре, надевајќи се дека ќе му се придружи на својот Силјан, па заедно ќе тргнат на аџилак. Денес, по 100 години од тргнувањето на ѓемијата, секоја пролет кога штрковите доаѓаат, како да го насетуваме доаѓањето на Силјан. Звукот на долгите клунови наеднаш станува песна, онаа силјанштрковска за осамената птица и нејзиното јато.

Каде ќе бевме денес, ако не беше Цепенковата жртва приложена во темелот на македонските бедеми? Каде ќе бевме, ако нашиот прататко не стигнеше до својата прататковина? Ќе имавме ли гнездо да ја положиме нашата иднина?! Оставината на Цепенков претставува регистар на знаци чие дешифрирање ги разоткрива патиштата на нашиот вековен од низ времето и потребата да свиеме гнездо под големиот небосвод. На тој пат нè крепеле приказната, песната, легендата, на тој пат сме оделе засолнети во скутот на традицијата, сме ги носеле со себе неизустените клетви и благослови, со страв од непознатото, но и надеж дека ќе го обесилиме злото. Сме чекореле водени од мудроста наследена од нашите *бескнижни предци*, оние кои, иако недоволно писмени, го познавале животот во неговата најдлабока срцевина. *Имат селани у нас бескнижни, што поеќе знаат од попот што му попует во село,* ќе каже Цепенков за своите неуки соселани, од кои ќе ги слушне и запише највредните материјали. Тому таквите нè воделе по беспаќа и невремиња, нив ги бодрел живиот и нескршлив дух на традицијата. *Овде му е местото да кажам за еден друг старец, прос селанец и бескнижен, поарно да го наречам „филозоф на простите",* ќе рече Цепенков за старецот Стефан. Токму од таквите *филозофи* Цепенков ќе ја зајми мислата, онаа мудрата, прочистена до кристална есенција, за да ја пресоздаде со неа и остави во аманет филозофијата на својот народ. Го пишувам ова денес, во векот кога живееме растргнати меѓу вистината за тоа кои сме и онаа наметнатата, кои да бидеме, по волјата на другите! Денес го сведочиме големиот јубилеј, 100 години од смртта на Цепенков, ингениозниот македонски ум во чија оставина се наоѓа клучот за отклучување на вистината. Како во неговите приказни, клучот со себе го носи златната птица, го чува во своето срце и така со векови надлетува над нашите глави, чувајќи го од грабливите раце на злото.

Цепенковото перо остави огромен квантум на фолклорно, етнографско и јазично богатство, една слоевита карпа од мудрост, знаење, историја и култура. Прилепскиот мудрец ги постави македонските духовни меѓи, со донкихотовска храброст и сизифовска упорност го наджива времето во кое живеел, скудно, сиромашно, без никаков потстрек за духовен развој. Марко Цепенков е самоник среде див, необработен предел, никнат на плодна почва, на меѓата меѓу двата стожерни македон-

ски века, едниот, век-семе и никулец, а другиот век-стебло и крошна.

Цепенков е единствена појава во македонската книжевна историја, не само по обемноста на делото што го остави туку и по начинот на кој го создава, односно по начинот како ги бележел творбите (умотворенијата). Поседувал неверојатна меморија, додека боцкал со иглата во татковиот терзиски дуќан, ги голтал приказните што ги раскажувале дојденците. Така малото дуќанче станува неговиот мал микрокосмос, место од кое ќе почне да се раѓа и пресоздава мислата. Складирал огромно фолклорно богатство, го чувал и во своето срце и во својот ум, за подоцна да го преобликува и пресоздаде воден од сопствената дарба за стилско-уметничко преобликување. Нема творба во која не интервенирал и не оставил скоро ниту една приказна без да втисне во неа свој белег. Можеби за фолклористиката ова е непогоден момент, но за македонската книжевност ваквиот аргумент оди во прилог на тезата дека Цепенков е еден од првите прозни македонски автори. Најголемиот дел од неговата оставина денес се наоѓа во архивите во соседна Бугарија, факт кој само ја отежнува нашата потреба да ги ползуваме придобивките што ни ги оставил во наследство.

Цепенков истовремено е собирач, записувач и творец, човек кој издвојувајќи се од колективот ја создавал неговата меморија, која во некое идно далечно време ќе биде единствениот предел на духовна преобразба на македонскиот народ. Како собирач и запишувач, тој е најголемиот регистратор на македонската изворна реч, а како творец е највештиот пресоздавач на мислата родена од таа реч. Затоа, според Конески, со својата интенција да го *пресоздава* чуеното, Цепенков е „нешто повеќе од обичен *регистратор* на народните умотворби" .

Делото на Марко Цепенков е цврст столб во темелите на издигнувањето на македонскиот јазик на ниво на норма. Неговиот татко ќе му го даде најскапиот совет: „Гледај синко, биди прокопсан, гледај едно чесно име најпрвин да спечалиш!" И навистина, Марко го послушал татка си! Неговото тешко спечалено *чесно име,* денес е синоним кој е нераскинливо врзан со македонската фолклористика, етнологија, етнографија, лингвистика и воопшто со македонската книжевно-јазична историја. Како што вели Гане Тодоровски, „тој понуди најразлични примери на практична употреба на македонскиот јазик во усмената традиција, зад која всушност пулсираше неговата креативна натура". Познат историски факт е дека во 1889 г. Цепенков објавува фоклористички единици на страниците на софискиот *Зборник за народни умотворби, наука и книжнина*, што го издава професорот Иван Д. Шишманов. Уште тогаш се навестува идејата за вградување на македонските централни говори во темелот на идниот кодифициран македонски литературен јазик и заслугата на Цепенков за обистинување на таа идеја е неоспорна и повеќе од јасна. „Пропаганди ли, режими ли, инерции ли на затечени предрасуди му доделуваат на Македонецот разни имиња, но прашањето за јазикот е најевидентен факт за еден континуитет и не е конвенција од понов датум!" (Тодоровски 1985: 135) Таа сосема природна потреба да се пишува на родниот јазик, значи и потреба да се наслушне говорот на предците, да се оживее нивниот дух низ песните, приказните, тажачките, обичаите, преданијата. „Со своите најубави творби Марко К. Цепенков го надраснува колективниот начин на мислење и искажување, и оти, тргнувајќи од архетипското и општото, доаѓа до самиот себе, до сопствен јазик и стил, до свое сиже и композиција, па и до свој поглед на свет" (Маџунков 2008: 149). Од тој поглед на свет ќе се изроди Силјан Штркот, ќе се изроди нашата приказна, нашето вјерују дека за да се стане човек, најпрво мора да се умре.

Индивидуалниот творечки чин на Цепенков[1] е само негов обид сопствената креативна дарба да ја опредмети, на идејата да ѝ даде форма, согласно со сопствениот интелект и наобразба. Цепенков е синоним за несразмерно надарен и толку мудар ум, за недосеглива височина која набљудувана од денешна перспектива е невозможна за поимање. Таквите интелектуални големини траат во времето, а растат преку делото што зад себе го оставиле. Секое ново читање и препрочитување е ново залевање со бистра вода од изворот на јазикот, од моќта на таа вода зборот се метаморфозира, расте и се извишува. Македонците, потомци на Итарпејовото племе, според мислата на Славко Јаневски, мораме да го надживееме чувството на инфериорност и комплексот дека сме мали во однос на поголемите од нас. Во годината кога замина Цепенков, се роди Јаневски, се обистини Силјановата идеја за новото раѓање. Каква игра на судбината!

Цепенковото дело е најсилниот аргумент дека како народ имаме своја традиција, јазична историја и култура, чија посебност може да биде само додадена вредност на културната мапа на светот. Неговата оставина разгледувана низ призмата на она што академик Ќулавкова го нарекува *споделени места во културната меморија на човековата цивилизација,* добива и една друга димензија, димензија на универзалност, и станува дел од шареноликиот мозаик на цивилизациските придобивки. Цапенков пишувал сè до последниот час за да го исполни заветот даден пред самиот себе: „сум пишуал и ќе пишуам дури колка душа"! Деведесет години таа душа летала и се извишувала над сите карпи и остри врвови, непрепознаена од јатото, се извишувала во височините со шишенцето на гуша, сè дури каикот не ја однел во „долна земја". Секоја пролет Цепенковиот Силјан си доаѓа дома, лета и го надлетува домот во чиј тланик за првпат ќе ја види искрата на животот. *„'Еве вака, синко Марко, се сторило со Силјана од Мало Коњари; знам оти тебе ти е како лаѓа; арно ама мене ми е навистина, оти од татка ми е прикажана оваа приказна', вака ми рече татко ми кога ми ја прикажа со право."*

## МОЛИТВА ЗА СИЛЈАН ШТРКОТ

Закрепни му ги боже
крилјата на Силјан Штркот –
огништето да си го најде
Оти ако заборави да лета
Од родот си ќе се оддоми
Ни татка, ни чедо ќе прежали
И од жал за сина си
ќе пресвисне

Дај Господе со Силјана
да летаме заедно

Тој назад да си се врати
на прагот татков,
а јас да се одметнам
преку пусти гори,
преку матни води,
преку сè што било
и што наумило да дојде

Да се витосам до кај што
очите не ми гледаат

Во скутот роден
тој гнездо човечко да свие
Јас око птичје да отворам
Немирот да си го скротам.

Иван Василевски
„Сликање на ангелот",
Матица македонска, 2015 г.

[1] Од авторските дела на Марко Цепенков денес ни се достапни: „Автобиографијата", драмата „Спиро Црне", песните „Редењето на дедо Марко", „Мајка Македонија ги советува своите чеда", „Македонското тажење", „Мирчо Војвода", како и записите за македонските војводи.

ВО ОДБРАНА НА МЕМОРИЈАТА

# ЛАФ-МУАБЕТ СО... СОФЕ ШТЕРЈОСКИ

Тој е еден од најголемите хумористи и сатиричари кај нас: 186 сантиметри. Роден е од објективни причини пред дваесет и пет-шест години во село Лавчани, Кичевско. Плата прима од Радио Скопје, во чии бранови редовно плива и се дави со чичко Аврам. На многумина им е познат и по своите напишани и објавени „Силни слабости“. Нема кредит, а тврди дека е Југословен. Намерно прави грешки, за да има од што да се учат помладите.

**За овој наш муабет, Софе, ти ќе ја сносиш вината?**

– Затни ги ушите, ќе ја кажувам вистината!

**Тогаш, почни со нешто за сечиј вкус!**

– Кога минусот е правец, скршнувањето е плус!

**Студираш книжевност. Што од тоа сфати?**

– Приказните се делат на реалистични и реферати.

**Некои писатели имаат приватни критичари веќе?**

– Саксијата не може од тиквата да направи цвеќе!

**Се чини, чесните сѐ почесто остануваат сами!**

– Во силните аплаузи и пцовките значат – амин.

**Сите за заштита и позадина се гладни?**

– За голите е подобро да нема никој зад нив!

**Кои луѓе во животот најмногу ти пречат?**

– Во огнот на револуциите јагниња што печат!

**Значи, Софе, ти секогаш си остануваш ист!**

– Аа, жими бога, јас сум – атеист!

**Дај им нешто на потрошувачите на знаење.**

– По влегувањето в продавница, нема каење!

**Но може поинаку, уште сме млади...**

– Горе гори, долу чади.

**И, како да ги оживееме културните домови?**



– Од бранувањето на јавноста можат да се удават и најголемите сомови!

**Ајде, Софе, снижи го тонот малце!**

– Таман сиромавиот на оро се фати – засвираа валцер!

**На крајот нешто под точка – разно?**

– Со атомска бомба, не се пука во празно!

**Ако е за аир, доста! Што друго да речеме?**

– Имаш право... Може да пресечеме...

*Муабетот го водеше: Киро Донев*
*ОБЈАВЕНО ВО „ВЕЧЕР“*
*22 март 1975 година*


**Издавач:**
Друштво на писателите на Македонија
**За издавачот:**
Соња Стојменска-Елзесер
(претседател на ДПМ)
**Издавачки совет:**
Мито Спасевски (претседател)
**Редакција:**
Трајче Кацаров
(Главен и одговорен уредник)
Виолета Танчева-Златева
Делвина Крлуку
Живко Грозданоски
Александра Јуруковска
Марија Гиревска

**Лектор и коректор:**
Виолета Танчева-Златева

**Портрет за насловна страница:**
Владимир Илиевски

**Дизајн:**
Бранко Прља

Ул. Максим Горки бр.18, 1000 Скопје,
РС Македонија
Тел./факс: 02/3228-039,
e-mail: redakcijastozer@gmail.com

**Печати:**
Алма Графика – Скопје

Жиро Сметка: 300000000590669
Депонент: Комерцијална Банка А.Д. Скопје
ДПМ за „Стожер“

Со решение бр.02-410/1 од 9.7.1996 година Секретаријатот за информации „Стожер“ е запишан во регистарот на весници и за него се плаќа данок по повластена даночна стапка. Ракописите и фотографиите не се враќаат. Ревијата излегува со финансиска поддршка од Министерството за култура на РСМ.



АНТОЛОГ КНИЖЕВЕН ЦЕНТАР
ФЕНИКС
МЕТАНОЈА
ТРИ
club MATICA